РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1205/7
11.09 2018 год.
КОЧАНИ

Трговско друштво ... заштитно друштво ...
ОФИС ЕКСПРЕС ...
Бр. 0302-33/2018
11.09 2018 год.
КОЧАНИ

# *Д О Г О В О Р*

**1. Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул."Раде Кратовче" бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во натамошниот текст: **Купувач) и**

**2. Трговско друштво за вработување на инвалидни лица, заштитно друштво за трговија, производство и услуги "Офис Експрес" ДООЕЛ Кочани,** со седиште на ул."Тодосие Паунов" бр.36, Кочани, ДБ 4013005122626 и ЕМБС: 5985978, жиро с-ка 240130001011296 Уни Банка АД Скопје, застапувано од Управителот Наташа Накова ( во понатамошниот текст: **Продавач).**

## Член 1

Предмет на овој Договор за јавна набавка е набавка на стоки, и тоа за:

***Набавка на канцелариски материјал***

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-1205/3 од 05.07.2018 год., за спроведување на Постапка со барање за прибирање на понуди, со објавување на Оглас бр.05-1205/4/2018, објавен на ЕСЈН, постапка која се спроведува во електронска форма и заврши со е-аукција како последна фаза за доделување на договорот за јавна набавка, а врз основа на Одлука за јавна набавка бр. 05-1205/2 од 04.07.2018 год..

## Член 2

Согласно резултатите од е-аукцијата, вкупната договорена вредност што може да се плати за купување на стоките опишани во техничката спецификација, **изнесува 331.778,73 денари без ДДВ** и износ на ДДВ од 56 655,12 денари, пресметан по стапка од 5% / 18 %, или вкупната вредност на **Договорот со вклучен ДДВ изнесува 388 433,85 денари.**

Единечните цени по опис, количини и производител се намалени во согласност со Извештајот од е-аукцијата се прилог на овој договор и истите се без вклучен ДДВ, а со вклучени трошоци за испорака и се крајни и непроменливи сé до конечна реализација на овој Договор.

## Член 3

Плаќањето за испорачаната стока ќе биде во рок од 30 / триесет/ дена, сметано од денот на доставување на фактура со испратница во архивата на Купувачот, за стварно испорачани видови и количини на стоки, согласно писмената нарачка/барање од Купувачот фактурирани по единечните цени без ДДВ, прилог на овој договор.
ДДВ при изготвувањето на фактурата ќе биде изразен посебно.

Испратницата во смисла на чл.3 ст.1 од овој Договор е должен да ја издаде Продавачот и истата треба да е потпишана од овластено/задолжено лице кај Купувачот и овластено лице на Продавачот или Продавачот да издаде потврда за прием на стоката која задолжително треба да се приложи кон фактурата.

Доколку доставената фактура не ја содржи придружната документација, истата нема да се реализира и ќе му се врати на Продавачот.
Купувачот го задржува правото да не ја реализира во целост вкупната вредност на договорот.

## Член 4

Договорот за јавната набавка се склучува за период од 12 /дванаесет/ месеци, односно набавката ќе биде сукцесивна, во тек на 12 /дванаесет/ месеци, сметано од денот на склучување на

договорот за јавна набавка, а ќе се врши во зависност од потребите на Купувачот – Општина Кочани, по нарачка /писмена, телефонска, електронска/ од задолжено/овластено лице во Купувачот. Продавачот е должен нарачаните количини и видови на канцелариски материјал – согласно минимално утврдените барања во спецификацијата, да ги испорача во рок од максимум 48 /четириесет и осум/ часа, сметано од денот на добиената нарачка од задолженото/овластеното лице кај Купувачот, франко-административна зграда на Општина Кочани, на свој трошок и со свое возило.
Количините на стоки во техничката спецификација се ориентациони и не се задолжителни за договорниот орган. Договорниот орган нема обврска да ги набави сите стоки по вид и количина опишани во техничката спецификација. Стоките (канцелариските материјали) предмет на оваа набавка ќе се набавуваат сукцесивно според потребите на договорниот орган и во рамките на вредноста на склучениот договор. Количината на стоките определени за секој вид посебно по ставки во техничката спецификација за набавка на канцелариски материјал за секоја ставка е променлива количина и не е обврзувачка за договорниот орган. Договорниот орган во текот на траењето на договорот може да набавува стоки (канцелариски материјали) од техничката спецификација во количина под и над планираните количини за секој вид на стока од секоја ставка во техничката спецификација, но во рамките на вкупната вредност на договорот.

**Член 5**

Квалитативен и квантитативен прием на стоката од чл. 1 од овој Договор врши Купувачот, со документ (испратницата) потпишана од двете договорни страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока.

Продавачот се обврзува стоката – предмет на набавка по овој Договор, да ја испорача во потполно функционална состојба.

Овластен/задолжен претставник на Купувачот ќе присуствува при испораката и точната бројност, физичка и функционална состојба на стоката.

Купувачот е должен испорачаната стока да ја прегледа на вообичаен начин за да утврди дали постојат видливи недостатоци.

Доколку прегледот се изврши во присуство на обете страни Купувачот е должен своите забелешки поради видливи недостатоци да му ги соопшти на Продавачот.

**Член 6**

Продавачот одговара за материјалните недостатоци на стоката што таа ги имала во моментот на преминувањето на ризикот врз Купувачот, без оглед дали тоа му било познато.

Продавачот одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Купувачот ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

**Член 7**

Недостаток постои:
1) ако стоката ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба или за промет;
2) ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Купувачот, а која му била позната на Продавачот или морала да му биде позната;
3) ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани.

**Член 8**

Купувачот кој навремено и уредно го известил Продавачот за недостатокот може:
1) да бара од Продавачот да го отстрани недостатокот или да му предаде друга стока без недостаток (исполнување на договорот) и/или

2) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Купувачот има право и на надомест на штетата. Покрај тоа и независно од тоа, Продавачот му одговара на Купувачот и за штетата што овој поради недостаток на стоката ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

**Член 9**

Купувачот може да го раскине договорот само ако претходно му оставил на Продавачот дополнителен примерен рок од 3/три/ дена за исполнување на договорот.

Купувачот може да го раскине договорот и без оставање на дополнителен рок ако Продавачот, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни договорот, или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека Продавачот не ќе може да го исполни договорот ниту во дополнителниот рок.

**Член 10**

Ако Продавачот во дополнителниот рок не го исполни договорот, тој се раскинува според самиот закон, но Купувачот може да го одржи ако без одлагање му изјави на Продавачот дека договорот го одржува во сила.

**Член 11**

Кога само дел од предадената стока има недостатоци, или кога е предаден само дел од стоката, односно помало количество од договореното, Купувачот може да го раскине договорот во смисла на претходните членови само во поглед на делот што има недостатоци, или само во поглед на делот или количеството што недостига.

Купувачот може да го раскине целиот договор само ако договореното количество или предадената стока сочинува целина, или ако Купувачот инаку има оправдан интерес да ја прими договорената стока или количество во целост

**Член 12**

Раскинувањето на договорот поради недостаток на стоката произведува исти дејства како и раскинувањето на двостраните договори поради неисполнување.

Купувачот му должи на Продавачот надомест за корista од стоката и кога му е невозможно да го врати целиот или еден негов дел, а договорот е сепак раскинат.

**Член 13**

Во случај на доцнење со испорака на стоките во конкретната нарачка од страна на Продавачот, Купувачот има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина на 0,1 % од вредноста на неиспорачаната стока за секој започнат ден, за првите два дена дена, односно 0,5% за секој нареден ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на неиспорачаната стока.

Во случај на 2 (две) последователни неиспораки, Купувачот има право по претходно доставено писмено известување до Продавачот, по дополнително оставен рок од 1 /еден/ ден, да го раскине Договорот со проста изјава.

Во случај на ст. 3 од овој член, Продавачот е должен да му ја надомести штетата на Купувачот.

**Член 14**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни, и се во согласност со Законот за јавните набавки и позитивните законски прописи во РМ.

**Член 15**

За евентуален спор по овој Договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 16**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 /четири/ примерока за Купувачот, а 2 /два/ примерока за Продавачот и истиот стапува на сила со денот на неговото склучување.

*за Продавачот,*
*Управител,*

*( Наташа Накова )*

*за Купувачот,*
*Градоначалник,*

*( Николчо Илијев )*

Составен дел на овој Договор е :
- листа на цени намалени за 29% согласно резултатите од е-аукцијата

*Изработил: Виш соработник за спроведување на постапки за јавни набавки –Александра Митковa*
*Контролирал: Раководител на одделение за општи и правни работи -Венцо Бојков*

**Л И СТА Н А Ц Е Н И**

| Р.Б | Опис/ вид на стока | Единечна мера | Количина | Единична цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | Стапка на ДДВ 5/18% | Производител на понудената стока |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Перфоратор метален, со граничник ( дупчалка архивска) најмногу до 150 листови и маркер за центрирање | парче | 2 | 1504,23 | 3008,4688 | 18 | СТД |
| 2. | Фломастери во разни бои , пакување мин. 1/12 | пакување | 10 | 19,61 | 196,102 | 5 | Дунамис |
| 3. | Гума за бришење молив минимум 60x20x10мм- *со висок квалитет со заштитна фолија и картонче* | парче | 15 | 8,79 | 131,847 | 5 | Оптима |
| 4. | Острилка метална со минимум димензии 28 мм x 17 мм x 12 мм - *со висок квалитет* | парче | 15 | 14,20 | 213 | 5 | Мапед |
| 5. | Острилка со гума | парче | 15 | 26,37 | 395,541 | 5 | Оптима |
| 6. | Хефталица за иглици N. 24/6 за хефтање минимум 30 листови, хромирана | парче | 7 | 150,42 | 1052,9442 | 18 | Оптима |
| 7. | Хефт иглици N. 24/6 пакување од најмалку 1/1000 | пакување | 50 | 6,62 | 330,86 | 18 | Оптима |
| 8. | Хефталица архивска за 140 листа до 200листа<br>метална , иглици од 23/10 до 23/14 | парче | 2 | 541,52 | 1083,0482 | 18 | Игал |
| 9. | Хефт иглици N. 23/8 пакување од најмалку 1000 | пакување | 7 | 10,83 | 75,7925 | 18 | Меморис |
| 10. | Хефт иглици N. 23/10 пакување од најмалку 1000 | пакување | 7 | 12,03 | 84,2415 | 18 | Меморис |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. | Хефт иглици N. 23/13 пакување од најмалку 1000 | пакување | 7 | 12,64 | 88,466 | 18 | Мемορис |
| 12. | Хефт иглици N. 23/15 пакување од најмалку 1000 | пакување | 7 | 17,45 | 122,1626 | 18 | Меморис |
| 13. | Хефт иглици N. 23/17 пакување од најмалку 1000 | пакување | 7 | 22,86 | 160,034 | 18 | Меморис |
| 14. | Дехефталка за отхефтување | парче | 5 | 13,23 | 66,172 | 18 | Мапед |
| 15. | Мокрилка со глицеринско полнење | парче | 3 | 24,07 | 72,207 | 18 | Меморис |
| 16. | Коректурен лак мин.20 мл. 1/1 | парче | 20 | 16,91 | 338,102 | 5 | Јамајо |
| 17. | Коректурен лак со разредувач сет 2/1, пакување од мин 20 мл | сет | 15 | 12,17 | 182,541 | 5 | Јамајо |
| 18. | Креда школска бела ( мин. 1/100) | пакување | 5 | 75,21 | 376,0515 | 18 | Карбон |
| 19. | Креда школска во боја (мин. 1/100) | пакување | 5 | 78,22 | 391,1035 | 18 | Карбон |
| 20. | Шпенадли во боја за плутана табла, пакување мин. 1/100 | пакување | 3 | 9,63 | 28,8828 | 18 | Меморис |
| 21. | Шпенадли обични минимум 28мм , пакување мин.1/100 | пакување | 5 | 7,82 | 39,121 | 18 | Меморис |
| 22. | Шпенадли во боја минимум 28мм , во пакување мин. 25 броја | пакување | 2 | 4,81 | 9,6276 | 18 | Меморис |
| 23. | Линијар пластичен мин. 50 см | парче | 10 | 31,11 | 311,051 | 5 | Мапед |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24. | Течно лепило за хартија , пакување минимум 30 гр. | парче | 30 | 25,87 | 776,172 | 18 | Оптима |
| 25. | Гел лепило за хартија , пакување минимум 40 гр. | парче | 30 | 3,61 | 108,204 | 18 | Меморис |
| 26. | Дрвени долги боички должина мин.12цм наострени ( пакување. мин.12 дрвени боички од 2Б) | пакување | 10 | 31,11 | 311,051 | 5 | Фратернати |
| 27. | Книга влезни фактури , мин.1/100 листа, тврд повез мин.2 мм А4 | парче | 4 | 75,21 | 300,8412 | 18 | Генекс |
| 28. | Книга излезни фактури, мин. 1/100 листа, тврд повез мин. 2мм А4 | парче | 4 | 75,21 | 300,8412 | 18 | Генекс |
| 29. | Самолепливи ливчиња,<br>димензија мин. 75 x 75 mm,<br>Мин. 100 листа,пастелна боја | пакување | 100 | 10,23 | 1023,11 | 18 | Оптима |
| 30. | Патент молив технички мин.0,5 мм со метален врв, со механизам | парче | 30 | 6,76 | 202,776 | 5 | Аихао |
| 31. | Мини за молив технички мин. 0,5 мм, полимерни, пакување до 1/12 | пакување | 30 | 36,10 | 1083,105 | 18 | Аихао |
| 32. | Молив триаглест НВ наострен | парче | 70 | 3,38 | 236,572 | 5 | Оптима |
| 33. | Мастило за тампон за печат , пакување минимум 30мл. - сина боја | парче | 10 | 13,23 | 132,344 | 18 | Хорс |
| 34. | Тампон за печат , натопено со сино мастило<br>минимални димезии 7x11см | парче | 7 | 23,47 | 164,2585 | 18 | Хорс |
| 35. | Печат автоматски со форма на правоаголник , димензии од мин. 40 x 50 mm | парче | 2 | 250,30 | 500,6068 | 18 | Тродат |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 36. | Изработка на печат | парче | 2 | 192,54 | 385,0898 | 18 | Барби |
| 37. | Печат дрвен округол/ правоаголен | парче | 2 | 210,59 | 421,1862 | 18 | Тродат |
| 38. | Текст маркер единечен во разни бои со клипса и минимум 5,5гр. мастило ,дебелина за траг за маркерот од 1 до5мм | парче | 50 | 12,03 | 601,725 | 18 | Оптима |
| 39. | Маркер перманентен од 4мм до5,5мм.,<br>со клипса и минимум 3,2гр. мастило | парче | 50 | 9,63 | 481,38 | 18 | Оптима |
| 40. | Текст маркер (флуоресцентен со течност) сет минимум 4 бои дебелина за траг за маркерот од 1 до5мм | сет | 15 | 53,55 | 803,223 | 18 | Оптима |
| 41. | Мини за технички молив минимум 0,5 мм<br>Пакување до 1/12 | пакување | 30 | 10,83 | 324,825 | 18 | Оптима |
| 42. | Ножичка голема минимум 18см целосно метална и хромирана | парче | 5 | 45,13 | 225,638 | 18 | Оптима |
| 43. | Скалпел ПВЦ, со метален врв, минимум 18мм, со кочница | парче | 5 | 22,27 | 111,328 | 18 | Оптима |
| 44. | Пенкало гел со метален врв минимум 0,5мм | парче | 40 | 31,78 | 1271,184 | 5 | Пентел |
| 45. | Пенкало минимум 0,7 мм хемиско со променлив рефил со метална клипса / метален врв | парче | 1000 | 4,74 | 4735,7 | 5 | Аихао |
| 46. | Сет-пенкало со налив перо Акрилно тело и хромирани метални делови мин.2/1 | сет | 10 | 162,46 | 1624,551 | 18 | Аихао |
| 47. | Налив перо со мастило, хромирано тело и клипса со променлив рефил | парче | 5 | 54,09 | 270,4745 | 18 | Оптима |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 48. | Патрони со мастило за налив перо мин.2мл (Пакување до 10 парчиња | пакување | 15 | 9,63 | 144,414 | 18 | Рекспен |
| 49. | Пенкало ролер со врв минимум 0,5 мм со метална клипса и сино мастило | парче | 150 | 54,09 | 8114,235 | 5 | Оптима |
| 50. | Хемиско пенкало,еднократно со држач за фиксно поставување на биро дебелина на траг мин.0,5мм сина боја | парче | 20 | 20,28 | 405,694 | 5 | Меморис |
| 51. | Пенкало рапидограф, црн, максимум 0,5мм | парче | 20 | 5,42 | 108,346 | 18 | Килтер |
| 52. | Пенкало рапидограф, црн, максимум 0,1мм | парче | 20 | 5,42 | 108,346 | 18 | Килтер |
| 53. | Пенкало рапидограф, црн, максимум 0,2мм | парче | 20 | 5,42 | 108,346 | 18 | Килтер |
| 54. | Перманент маркер мин. 2 мм, водоотпорен,за пишување на CD и DVD | парче | 70 | 10,23 | 716,177 | 18 | Ланту |
| 55. | ПВЦ папка А4 со пластична штипка, во боја, | парче | 30 | 31,28 | 938,478 | 18 | Оптима |
| 56. | Хромо папка А4 (картонска) со преклоп мин.280гр/м2 | парче | 1500 | 3,61 | 5410,2 | 18 | Генекс |
| 57. | Папка пластична (ПВЦ), минимум 225x350 mm | парче | 750 | 4,21 | 3157,725 | 18 | Ноки |
| 58. | Механизам метален за пластична папка | парче | 750 | 3,01 | 2257,8 | 18 | Ноки |
| 59. | УП фолии за документи, мин. 35 микрона, | пакување | 50 | 57,16 | 2858,105 | 18 | Ноки |
| | ПП мат и транспарент, | | | | | | |
| | димензии од 230/235мм x до 300/305мм, | | | | | | |
| | Пакување 1/100 броја | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 60. | УП фолии за документи, мин. 80 микрона,<br>ПП мат и транспарент,<br>димензии од 230/235мм x до 300/305мм<br>Пакување 1/100 боја | пакување | 50 | 182,91 | 9145,51 | 18 | Оптима |
| 61. | Калкулатор голем , дисплеј со минимум 12 бројки, двојно батериско напојување, со повеќе функции, метална заштита | парче | 20 | 294,83 | 5896,55 | 18 | Оптима |
| 62. | Држачи за беџови со врвка PVC, минимум димензии 80x60 мм | парче | 150 | 3,01 | 451,56 | 18 | Меморис |
| 63. | Коверт А4, голем, бел ,самолеплив | парче | 3500 | 1,75 | 6113,1 | 18 | Јенер |
| 64. | Коверт А3- врекичка 297x420 мм, самолеплив. | парче | 300 | 9,63 | 2888,28 | 18 | Јенер |
| 65. | Коверт Б5, среден, самолеплив, димензии 176 x 250 | парче | 3500 | 1,14 | 4000,85 | 18 | Јенер |
| 66. | Коверт со лев прозор, самолеплив, димензија 110x230 mm, 80gr. | парче | 1500 | 0,60 | 905,25 | 18 | Јенер |
| 67. | Коверт Б6-5, мал, самолеплив, димензии 125 x 176 | парче | 3500 | 0,48 | 1689,8 | 18 | Јенер |
| 68. | Коверт Б6-БТ, димензија 125x176 mm, 80gr., со самолеплива трака | парче | 3500 | 0,48 | 1689,8 | 18 | Јенер |
| 69. | Коверт Е4 , Димензија 280x400 mm, со силиконски стрип | парче | 300 | 3,61 | 1082,04 | 18 | Јенер |
| 70. | Регистратор картонски , А4, минимум 8см.<br>(опис:стандард А4, во боја , облепен со хартија, грб со етикета, внатрешен и надворешен дел од минимум 2мм лепенка) | парче | 150 | 69,20 | 10379,49 | 18 | Палма |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71. | Регистратор картонски , А4, минимум 5см. (опис:стандард А4, во боја , облепен со хартија, грб со етикета, внатрешен и надворешен дел од минимум 2мм лепенка) | парче | 100 | 69,20 | 6919,66 | 18 | Палма |
| 72. | Регистратори А5 со кутија изработен од сива лепенка и облепен со хартија во боја ширина минимум 8 цм, во повеќе бои | парче | 150 | 69,20 | 10379,49 | 18 | Палма |
| 73. | Спајалици метални бр.2 (мин.1/100) | пакување | 70 | 6,62 | 463,204 | 18 | Оптима |
| 74. | Спајалици метални бр.3 мин.(1/100) | пакување | 70 | 7,22 | 505,449 | 18 | Оптима |
| 75. | Спајалици метални бр.4 (мин.1/100) | пакување | 70 | 8,42 | 589,442 | 18 | Оптима |
| 76. | Празна магнетна кутија за спојувалки минимум висина 9,5см ширина 4,5см | парче | 5 | 24,67 | 123,3625 | 18 | Меморис |
| 77. | Селотејп проѕирен широк мин.50мм x 66м | парче | 50 | 27,68 | 1383,79 | 18 | Оптима |
| 78. | Селотејп проѕирен мин.15мм x 66м | парче | 50 | 10,83 | 541,375 | 18 | Оптима |
| 79. | Држач за селотејп канцелариски, димензија мин. 50x66 mm | парче | 10 | 168,48 | 1684,759 | 18 | Оптима |
| 80. | Архивска кутија минимални димензии 33см.x40см.x18см. обложена со хартија во боја | парче | 200 | 93,27 | 18653,12 | 18 | Генекс |
| 81. | Папка со врвци и клапна обложена со хартија во боја , А4 формат | парче | 70 | 16,85 | 1179,381 | 18 | Генекс |
| 82. | Образец ПП 50 налог за јавни приходи, минимум 1/100 листови | кочан | 10 | 13,23 | 132,344 | 18 | Генекс |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 83. | Образец ПП 60 налог за плаќање кон небуџетски институции, минимум 1/100 листови | кочан | 10 | 13,23 | 132,344 | 18 | Генекс |
| 84. | Образец ПП 61 барање за плаќање на придонеси кон фондовите, минимум 1/100 листови | кочан | 10 | 13,23 | 132,344 | 18 | Генекс |
| 85. | Образец ПП 70 барање за плаќање на јавни давачки и за плаќања помеѓу буџетски корисници, минимум 1/100 листови | кочан | 10 | 13,23 | 132,344 | 18 | Генекс |
| 86. | Образец ПП 73 барање за безготовински поврат на средства, минимум 1/100 листови | кочан | 10 | 13,23 | 132,344 | 18 | Генекс |
| 87. | Образец ПП 80 барање за исплата на готовина, минимум 1/100 листови | кочан | 10 | 13,23 | 132,344 | 18 | Генекс |
| 88. | Образец ПП 83 барање за поврат во готови пари, минимум 1/100 листови | кочан | 10 | 13,23 | 132,344 | 18 | Генекс |
| 89. | Образец М4 - минимум 1/100 | кочан | 7 | 18,05 | 126,3374 | 18 | Генекс |
| 90. | Образец на касов извештај А4 - минимум 1/100 | кочан | 5 | 18,05 | 90,241 | 18 | Генекс |
| 91. | Образец за комунална такса А4- минимум 1/100 | кочан | 5 | 18,05 | 90,241 | 18 | Генекс |
| 92. | Образец за данок А4 - минимум 1/100 | кочан | 5 | 18,05 | 90,241 | 18 | Генекс |
| 93. | Образец за опомена А4 - минимум 1/100 | кочан | 5 | 18,05 | 90,241 | 18 | Генекс |
| 94. | Образец на завршна сметка (Буџети и фондови) | комплет | 5 | 93,27 | 466,328 | 18 | Генекс |
| 95. | Образец Реверс А5 - минимум 1/100 | кочан | 5 | 18,05 | 90,241 | 18 | Генекс |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 96. | Ролни – адинг за калкулатор димензии мин.57 мм x18м, мин55/м2 | парче | 20 | 9,33 | 186,588 | 18 | Генекс |
| 97. | Патен налог за службено патување, индигован А5 формат, минимум 1/100 | кочан | 100 | 30,08 | 3008,27 | 18 | Генекс |
| 98. | Патна сметка А5 - минимум 1/100 | кочан | 15 | 41,51 | 622,7055 | 18 | Генекс |
| 99. | Алкална батерија , 9V , пакување 1 парче | парче | 30 | 72,20 | 2165,997 | 18 | Вербатим |
| 100. | Батерија (од 1,5 V AA rechargeable ) | парче | 20 | 88,75 | 1775 | 18 | Варта |
| 101. | Алкална батерија ААА од 1,5V | парче | 30 | 10,83 | 324,825 | 18 | Кингевер |
| 102. | Индиго А4 мин.1/100 | пакување | 3 | 102,29 | 306,8691 | 18 | Сафари |
| 103. | Каса прими (карбонизирани), со минимум димензии 20x9,5 см, минимум 1/100 листови | кочан | 5 | 21,06 | 105,293 | 18 | Генекс |
| 104. | Каса исплати (карбонизирани), со мин. димензии 20x9,5 см, минимум 1/100 листови | кочан | 5 | 21,06 | 105,293 | 18 | Генекс |
| 105. | Пописна листа за основни средства и ситен инвентар А3 - минимум 1/100 | кочан | 5 | 91,46 | 457,2755 | 18 | Генекс |
| 106. | Деловодна книга ( деловодник) за водење основна евиденција на документите, тврд повез, формат 240 x 340 мм -согласно Образец бр.3 - Сл.весник на РМ 99/2014 , мин.300 листа | парче | 1 | 270,77 | 270,7656 | 18 | Генекс |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 107. | Интерна доставна книга, тврд повез, формат 210 х 290 мм -согласно Образец бр. 5- Сл.весник на РМ 99/2014, минимум 100 листа , | парче | 4 | 72,20 | 288,7996 | 18 | Генекс |
| 108. | Нотес Б5 формат, боја по избор, скај, мин.100 листа | парче | 270 | 138,39 | 37366,164 | 18 | Генекс |
| 109. | Азбучник (абецедар) А4 –мин.100 листа | парче | 3 | 33,81 | 101,4306 | 18 | Генекс |
| 110. | Правоаголен триаголник пластичен | парче | 5 | 8,79 | 43,949 | 5 | Мапед |
| 111. | Рамностран триаголник пластичен | парче | 5 | 8,79 | 43,949 | 5 | Мапед |
| 112. | Лупа рачна со пластична рачка, димензии мин.60 мм, зголемување мин.3х | парче | 4 | 21,06 | 84,2344 | 18 | Ортикс |
| 113. | Блок за цртање број 5(акаварел) мин.10листа | парче | 10 | 14,20 | 142 | 5 | Генекс |
| 114. | Блок за цртање број 2 мин.10 листа | парче | 10 | 7,44 | 74,408 | 5 | Генекс |
| 115. | Шестар метален во пвц кутија | парче | 10 | 77,76 | 777,592 | 5 | Оптима |
| 116. | Тетратка А5 минимум од мин. 50 до 60 листа со тесни и широки линии со мека корица | парче | 10 | 6,43 | 64,255 | 5 | Стрит |
| 117. | Тетратка А5 минимум од 50 до 60 листа со коцки со мека корица | парче | 10 | 6,43 | 64,255 | 5 | Стрит |
| 118. | Тетратка А5 минимум од 50 до 60 листа со линии со мека корица | парче | 10 | 6,43 | 64,255 | 5 | Стрит |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 119. | Тетратка А5 минимум од 50 до 60 листа без линии со мека корица | парче | 10 | 6,43 | 64,255 | 5 | Стрит |
| 120. | Тетратка А5 минимум од 50 до 60 листа со коцки со тврда корица | парче | 10 | 22,32 | 223,153 | 5 | Стрит |
| 121. | Тетратка А5 минимум од 50 до 60 листа со линии со тврда корица | парче | 10 | 22,32 | 223,153 | 5 | Стрит |
| 122. | Тетратка А4 минимум од 50 до 60 листа со линии со мека корица | парче | 10 | 43,95 | 439,49 | 5 | Стрит |
| 123. | Тетратка А4 минимум од 50 до 60 листа со линии со тврда корица | парче | 10 | 43,95 | 439,49 | 5 | Стрит |
| 124. | Тетратка А5 со тврди корици мин. 1/ 100 листа со линии | парче | 10 | 22,32 | 223,153 | 5 | Стрит |
| 125. | Тетратка А4 со тврди корици мин. 1/ 100 листа со линии | парче | 10 | 43,95 | 439,49 | 5 | Стрит |
| 126. | Линијар шаблон со форми мал | парче | 10 | 4,39 | 43,949 | 5 | Оптима |
| 127. | Линијар шаблон со форми голем | парче | 10 | 8,79 | 87,898 | 5 | Оптима |
| 128. | Линијар сет ¼ во пакување 30 см. | пакување | 10 | 28,40 | 284 | 5 | Оптима |
| 129. | Линијар од 30 см | парче | 10 | 12,85 | 128,51 | 5 | Мапед |
| 130. | Сет прибор-линер, триаголник, агломер – гумени | сет | 10 | 101,43 | 1014,306 | 5 | Мапед |
| 131. | Сет несесер со еден патент, полн со мин. 12 фломастери и максимум 12 дрвени боици, димензии на несесерот 14/20 x 20/25 см | сет | 10 | 138,39 | 1383,932 | 18 | Стрит |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 132. | Темперни бои минимум 1/12 пакување, со минимум 7,5 гр. од боја | пакување | 10 | 92,64 | 926,408 | 5 | Карбон |
| 133. | Водени бои минимум 1/12 во пвц пакување со четка | пакување | 10 | 64,24 | 642,408 | 5 | Карбон |
| 134. | Четка за темперни бои број 10 ширина минимум 1 см | парче | 10 | 15,64 | 156,413 | 18 | Оптима |
| 135. | Дрвени боици минимум 1/12 (пакување) големи | пакување | 10 | 62,88 | 628,847 | 5 | Карбон |
| 136. | Полици за документи мрежасти, организатор за биро, метални , споени со подигнувачи танспарент за одложување документи, мин. 3/1, мин. 260x330мм | парче | 3 | 264,74 | 794,2344 | 18 | Оптима |
| 137. | Полици за одложување документи , пластични , организатор за биро, споени , мин. 3/1 ( со димензии за мин А4 формат) | парче | 3 | 113,72 | 341,1621 | 18 | Меморис |
| 138. | Конгресна семинар торба за документи, платнена, минимум 3 комори, се затвора и отвора со патент, црна боја димензии 30/40 x 20/30 cm | парче | 2 | 156,44 | 312,8828 | 18 | Стрит |
| 139. | Пластелин, од минимум 200 гр.,мин. 1/10 бои | пакување | 10 | 27,05 | 270,51 | 5 | Оптима |
| 140. | Школски ранец, полиестер, шиен, правоаголен, димензии 32x22x46 со анатомски грб,рачки појачани исполнети со сунгер со три патенти и три прегради. | парче | 10 | 824,95 | 8249,49 | 5 | Стрит |
| 141. | Компјутерски вирмани ПП 50 1+1 (перфорирани индигованi) , пакување во картонска амбалажа од 2000 до 2100 вирмани. | кутија | 10 | 1278,00 | 12780 | 18 | Генекс |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 142. | Фотокопир хартија А4-80 g/m2., формат 210х297 мм,,дебелина минимална 104 микрони,белина CIE или еквивалентно ,мин.160,влажност 4% до 5%,чистина 85-100%,број на листови мин.1/500 | топ | 500 | 117,33 | 58663,75 | 18 | Фабриано |
| 143. | Фотокопир хартија А3-80 g/m2., формат 297х420мм. ,дебелина минимална 104 микрони,белина CIE или еквивалентно,мин. 160,влажнос 4% до 5%,чистина 100%,број на листови мин. 1/500 | топ | 40 | 246,70 | 9867,864 | 18 | Фабриано |
| 144. | Дупла бела хартија А4-70 g/m2<br>мин.1/250, формат 297х429 мм.,дебелина мин.104 микрони,белина мин. 150,влажност 4%до5% | топ | 5 | 135,38 | 676,914 | 18 | Генекс |
| 145. | Пелир високо каро формат: А3, 297х420 mm, број на листа мин. 1/250, тежина: min. 70 gr./m2, боја : бела | топ | 5 | 18,05 | 90,241 | 18 | Генекс |
| 146. | Паус хартија, грамажа: 95 g/m2, број на листови мин.250, формат А4 | топ | 15 | 150,42 | 2256,309 | 18 | Генекс |
| 147. | Хамер А4 формат во боја, пакување: (мин.1/50) мин. 120 g/m2 | топ | 2 | 49,94 | 99,8828 | 18 | Фабриано |
| 148. | Инџет хартија мин.50 метри ( ролна за плотер) 24"/610mm мин.80$g/m^2$ внатрешен пресек на ролната min. 50,8mm | ролна | 15 | 294,23 | 4413,4665 | 18 | Фабриано |
| 149. | Инџет хартија од 50 метри (ролна за плотер) 36"/914mm 80$g/m^2$ внатрешен пресек min.50,8mm | ролна | 15 | 454,88 | 6823,242 | 18 | Фабриано |
| 150. | Хартија во боја А4 80гр.500 листа во рис пастелни бои/боја по избор на купувачот | топ | 2 | 243,08 | 486,1654 | 18 | Фабриано |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 151. | Хартија за сертификати и дипломи во боја по избор А4- 160гр. 1/250 листа, пастелни бои | топ | 1 | 249,70 | 249,6999 | 18 | Фабриано |
| 152. | Хартија за сертификати и дипломи во боја по избор А4- 160гр. 1/250 листа, интензивни бои | топ | 1 | 276,78 | 276,7793 | 18 | Фабриано |
| 153. | Фото хартија А4 формат – сјајна, 200 грамска, пакување од 250 листа | пакување | 2 | 345,37 | 690,7448 | 18 | Фабриано |
| 154. | Фото хартија А4 формат – сјајна, 240 грамска, пакување од 150 листа | пакување | 2 | 241,28 | 482,5586 | 18 | Фабриано |
| 155. | Фото хартија А3 формат – сјајна, 200 грамска, пакување од 250 листа | пакување | 2 | 690,74 | 1381,4896 | 18 | Фабриано |
| 156. | Оригинален или компатибилен (нерепариран,фабрички полнет) тонер за фотокопир Infotec IS 2060 1/1 или еквивалент црна боја | парче | 10 | 1016,86 | 10168,62 | 18 | Фабриано |
| 157. | Компакт диск CD-R, мин. 700 MB | парче | 250 | 5,42 | 1354,325 | 18 | Сони |
| 158. | Компакт диск DVD R, мин. 4,7 Gb | парче | 250 | 9,93 | 2481,45 | 18 | Вербатим |
| 159. | CD-DVD хартиен коверт | парче | 500 | 0,60 | 301,75 | 18 | Јенер |
| 160. | Пластични опаковки за CD-DVD | парче | 300 | 7,52 | 2255,67 | 18 | Медиа Л |
| 161. | Футрола со патент за CD-DVD за од 20 до 30 парчиња дискови, полиестер | парче | 10 | 15,04 | 150,449 | 18 | Медиа Л |
| 162. | Перниче за глувче | парче | 10 | 30,08 | 300,827 | 18 | Медиа Л |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 163. | USB минимум 8 GB | парче | 30 | 270,77 | 8122,968 | 18 | Лацес |
| 164. | Ламинатор за хартија А4 формат – стандарден | број | 1 | 2310,51 | 2310,5104 | 18 | Едифер |
| 165. | Фолија за ламинирање А4 формат, мин. 125 микрони, пакување од по 100 фолии | пакување | 2 | 385,08 | 770,1654 | 18 | Едифер |
| 166. | Слушалки со микрофон за компјутер (средна големина), опис: спикер мин.40мм, фреквенција мин.20-20.000херци | парче | 20 | 72,20 | 1443,998 | 18 | АПП |
| | | | | **ВКУПНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ** | **331.778,73** | | |

***за Продавачот,***
***Управител,***

***( Наташа Накова )***

ОФИС ЕКСПРЕС дооел Трговско друштво за вработување на инвалидни лица ... КОЧАНИ

***за Купувачот,***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

*Изработил: Виш соработник за спроведување на постапки за јавни набавки –Александра Миткова*
*Контролирал: Раководител на одделение за општи и правни работи -Венцо Бојков*